Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-582
19.04.2019 год.
с.Хамзали Босилово

Врз основа на член 383,384 и 387 од Законот за трговските друштва (Сл.весник на РМ бр.28/04) а согласно својата Одлука донесена на ден 18.04.2019 год.Управниот одбор на АД Оранжерии Хамзали ,објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

За одржување собрание на акционери
на АД Оранжерии - Хамзали,кое ке се одржи на ден
21.05.2019.(вторник) со почеток во 09,00 часот во просториите
на седиштето на Друштвото,со следниот

## Дневен ред

1.Избор на записничар и двајца уверувачи на записникот
2.Верификација на списокот на присутни акционери односно полномошници
3.Утврдување кворум за работа и одлучување
4.Избор на председавач на собранието
5.Усвојување на записникот од претходната седница на собранието
6.Разгледување на годишната сметка и работењето за деловната 2018 година и донесување одлука за усвојување
7.Донесување Одлука да добивката утврдена во завршната с/ка за 2018 г.не се исплака како дивидента на акционерите и истата да се реинвестира
8.Разгледување и усвојување годишен извештај за работата на управниот одбор на АД Оранжерии Хамзали
9.Извештај за завршената ревизија за 2018 година со мислење од овластен ревизор,
10.Донесување Одлука за именување овластен ревизор за годишната сметка за 2019г.
11.Донесување Одлука за отугување на недвижен имот и оранжериите во сопственост на друштвотокако и целокупниот подвижен имот кој е во функција на недвижниот имот и оранжериите и тоа евидентиран во имотните листови Им.л.7240 КО Банско,Им.л.2206 КО Банско,Им.л.2207 КО Банско и Им.л.2254 КО Банско вон град.р.

Секој акционер кој има намера да учествува во работата на собранието е должен да го пријави своето учество најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното собрание.

Секој акционер може да овласти со полномошно свој полномошник на собранието ,кое полномошно да е заверено кај нотар,а за полномошник може да биде определено лице согласно одредбите од член 392 од Законот за трговските друштва.

Акционерите можат да вршат увид на материјалите како и за други информации и обрасци поврзано во врска со дневниот ред и одржувањето на годишното собрание , како во седиштето на акционерското друштво така и на веб страницата на АД Оранжерии Хамзали www.adoranzerii-hamzali.com.mk

ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА
АД ОРАНЖЕРИИ-ХАМЗАЛИ

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ 1 с.Хамзали-Босилово

Предлог

Акционерско друштво
ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-597
22.04.2019 год.
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии-Хамзали,на својата седница одржана на ден 21.05.2019 година,праправајки по годишната сметка и работење за 2018 година на АД Оранжерии-Хамзали ја донесе следната:

## О Д Л У К А

**За усвојување на годишната сметка и работење на АД Оранжерии-Хамзали за 2018 год.**

Член 1

СЕ УСВОЈУВА годишната сметка и работење за 2018 година на АД Оранжерии Хамзали,со следните финансиски показатели:

1.ВКУПНИ ПРИХОДИ--------------413.091.068,00 ден.
2.ВКУПНИ РАСХОДИ-------------- 388.590.068,00 ден.

ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ-24.501.000,00 ден.
ДАНОК ОД ДОБИВКА -------------- 2.495.622,00 ден.
НЕТО ДОБИВКА
ЗА ФИНАНСИСКА ГОДИНА----22.005.378,00 ден.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
Председавач,
Милијана Мицева

Предлог

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-597/1
22.04. 2019 год
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии-Хамзали,на својата седница одржана на ден 21.05.2019 година, донесе:

# О Д Л У К А

## Член 1

СЕ ДОНЕСУВА ОДЛУКА за отугување на недвижен имот и оранжериите во сопственост на друштвото како и целокупниот подвижен имот кој е во функција на недвижниот имот и оранжериите и тоа евидентиран во имотните листови Им.л.7240 КО Банско,Им.л.2206 КО Банско,Им.л.2207 КО Банско и Им.л.2254 КО Банско вон град.р.

## Член 2

Се овластува Председателот на Управниот одбор на АД Оранжерии Хамзали да во име и на сметка на друштвото склучи купопродажен договор за имотот од т.1 од оваа Одлука по цена која нема да биде под книговодствената вредност.

## Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
Председавач,
Милијана Мицева

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ 1 С.Хамзали Босилово

предлог

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-597/2
22.04.2019 год
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии-Хамзали,на својата седница одржана на ден 21.05.2019 година,расправајки по ревизискиот извештај за деловната 2018 година на АД Оранжерии Хамзали од АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје овластен ревизор Димитар Андоновски , ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За усвојување Извештајот за ревизија на Финансиските извештаи за деловната 2018 година

### Член 1

СЕ УСВОЈУВА извештајот за ревизија на финсиските извештаи за деловна 2018 година на АД Оранжерии Хамзали од АУДИТ МАКЕДОНИЈА ДОО Скопје овластен ревизор Димитар Андоновски.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
Председавач,
Милијана Мицева

Предлог

Акционерско друштво ОРАНЖЕРИИ
Бр. 03-597/3
22.04.2019 год
с.Хамзали Босилово

Акционерското собрание на АД Оранжерии-Хамзали,на својата седница одржана на ден 21.05.2019 година,расправајки по добивката од годишната сметка и работење за 2018 година на АД Оранжерии-Хамзали ја донесе:

# О Д Л У К А

Член 1

СЕ ДОНЕСУВА ОДЛУКА да добивката утврдена во годишната сметка и работење за 2018 година на АД Оранжерии Хамзали не се исплака како дивидента на акционерите и истата да се реинвестира.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

АКЦИОНЕРСКО СОБРАНИЕ
Председавач,
Милијана Мицева